*АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

## за период Јануари – Декември 2007 ГОДИНА

***Февруари 2008***

Согласно Точка 4 од заклучокот на Владата на Република Македонија од 132 седница, одржана на 18.02.2008 година, во прилог ви ја доставуваме следната:

**Информација за Управниот Одбор на Агенцијата за енергетика**

Во согласност со член 7 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.62/05), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.01.2007 година донесе Решение за именување членови на Управниот одбор на Агенција за енергетика на Република Македонија.

Врз основа на заклучокот на Владата на Република Македонија бр. 19-5077/1 од 24.10.2006 година, член 9 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, член 23 од Статутот на Агенција за енергетика на Република Македонија и во согласност со член 39 од Деловникот за работа на Управниот одбор, на седницата одржана на 25.01.2007 година, Управниот Одбор донесе Одлука бр. 02-16/1 за определување на месечниот паушал на членовите на Управниот Одбор, и тоа:

1. На Претседателот на Управниот Одбор му се определува месечен паушал во висина од 9.000,00 денари,
2. На Заменик претседателот на Управниот Одбор му се определува месечен паушал во висина од 8.000,00 денари,
3. На членовите на Управниот Одбор им се определува месечен паушал во висина од 7.000,00 денари, и
4. Паушалот од точките 1, 2 и 3 од оваа Одлука ќе се исплаќа од средствата на Агенцијата за енергетика.

Со оглед на тоа дека членовите на Управниот Одбор, вклучително и Претседателот и Заменикот на Претседателот, се со постојано место на живеење во Скопје, не им се исплаќаат патни и дневни тошоци за одржување на седниците на Управниот Одбор.

Од формирањето па до крајот на 2007 година, Управниот Одбор има одржано единаесет седници, од кои првата е конститутивна. На овие седници, покрај другото се расправаше и за следново:

- Донесување на Статут,
- Измени на Правилникот за систематизација на работите и работните задачи,
- Донесување на Правилник за плати,
- Избор на Директор,
- Расправа за Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2008 година,
- Разгледување на тековните активности во Агенцијата, со посебен осврт на активностите поврзани со ГЕФ Проектот.

**Извештај за работењето на Агенцијата за енергетика на Република Македонија во 2007 година**

Агенцијата за енергетика на Република Македонија е основана со Закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија (Сл.Весник на Р. Македонија број 62 од 28.07.2005 година) заради поддршка во спроведувањето на енергетска политика во Република Македонија.

Во согласност со член 9 и 11 од наведениот Закон, Директорот на Агенцијата предлага, а Управниот Одбор ги донесува годишната Програма за работа, годишен финансиски план, годишен извештај и годишна финансиска сметка на агенцијата. Во согласност со член 18 од истиот Закон, Владата на Република Македонија дава согласност горенаведените документи.

Во согласност со член 19 од истиот Закон, надзор на работата на Агенцијата врши Министерството за економија, а Агенцијата е должна најмалку два пати годишно да доставува извештај до Министерството за своето работење и за користењето на средства.

Основната дејност на Агенцијата во 2007 година се извршува од 5 вработени на неопределено време (Директор на Агенцијата, раководител на општо правно одделение, стручен соработник за енергетска ефикасност, стручен соработник за обновливи извори на енергија, стручен соработник за економски прашања).

*Активности реализирани во периодот од Јануари до Декември 2007 година:*

А. ГЕФ Проект за одржлива енергија (Светска Банка) *5.5 мил САД $*

Договорот помеѓу Министерството за економија и Светската Банка, како агенција за имплементација на овој проект е потпишан на ден 26.02.2007 година. Грантот ТФ 057107 за реализација стана ефективен на 31.07.2007 година. Од Договорот произлегуваат следните обврски кои се во надлежност на Агенцијата за енергетика**:**

**Активност 1**. *Основање на Проектна Единица за спроведување на Проектот за одржлив развој – Компонента 1 Пазарна рамка, Координативно тело и Управен Комитет на проектот, отварање на специјална сметка во Народна Банка и трезорска денарска сметка како и промоција на агенцијата и проектот*

***Статус:*** Според договорот со Светската Банка Проектната единица е основана со Одлука на директорот на агенцијата број: 02-153/1 од 21.09.2007 година и функционира во состав на Агенцијата за енергетика.

На барање на Министерството за финасии за наименување на лица за контакти по проектните компоненти, ден 20.09.2007, се наименуваа лица за комуникација од сите инволвирани институции (Агенцијата за енергетика, МЕПСО, АД Топлификација, Македонска Банка за поддршка на развојот и МТ ЕСКО со цел за редовна координација помеѓу проектните единици и Светската Банка.

Со Решение 12-3030/7 од 25.05.2007 година, Министерството за економија изврши избор и наименување на членови на Управниот Комитет. Ова

значајно тело треба да обезбеди највисоко ниво на координација на проектните компоненти на целокупниот ГЕФ проект.

Веднаш по ефективноста на грантот на 31.07.2007 година, а следејќи ги процедурите на Светска Банка дадени во Disbursement Handbook, Агенцијата за енергетика, во соработка со Министерството за економија, на ден 27.08.2007 година отвори Специјана сметка во Народна Банка на Република Македонија како и буџетска- денарска потсметка за потребите на трансферирање на средствата од проектот.

Овие активности се завршени и потписник на специјалната сметка во Народна Банка и  денарската буџетска сметка е директорот на агенцијата. Првата апликација за повлекување на средства од ГЕФ грантот кон  специјалната сметка во износ од 100.000 САД $ ( иницијален депозит) се достави на ден 13.11.2007 и истата е реализирана на ден 21.11.2007 година.

Првата јавна презентација на агенцијата и  ГЕФ Проектот е успешно завршена на ден 24.10.2007 година во присуство на претставници на општините, министерствата, организациите од енергетскиот сектор и претставници од медиумите.

Според договореното со Светска Банка, се одржа јавна презентација на Проектот за одржлива енергија, на 11.12.2007 година.

***Активност 2:*** *Набавки на техничка помош и опрема за потребите на ГЕФ Проектот, според процедурите на Светска Банка*

Од страна на Министерството за економија е доделено едно лице за помагање во извршувањето на задачите од проектот од ГЕФ-Светска Банка за оддржлива енергија и истото ќе биде одоговорно за процесот на набавки во проектот.

Во рамките на процедурите на Светска Банка, агенцијата го објави Општиот Повик за набавки во Development Business на 28 Мај 2007 година,  со што и официјално започна прибирањето на писмата за интерес од консултантите кои би биле ангажирани во реализација на ГЕФ проектот.

Проектната единица ги подготви сите документи за набавки, односно најмување на консултанти (Request for Expresion of Interest, Request for Proposal со пропратните документи Terms of references, договори и други документи), според процедурите на Светската Банка и истите беа одобрени во најкраток рок.

Барањата за изразување на интерес за консултанти за изработка на Правилник за издавање на гаранција за потекло на електрична енергија од обновливи извори и водач на тимот на одделението за подготовка на енергетски проекти-PDAF, се објавени во DG Market и UN Development Business на 11.09.2007 година, како и во локалниот дневен печат на 22.09.2007 година.

Б. Активности на агенцијата кои произлегуваат од законските обврски и планот за работа

**Активност 1.** *<u>Оформување на база на податоци за состојбите во енергетскиот сектор</u>*

**Статус:** Отпочнати се значајни активностите за оформување на база на податоци за потрошувачите и производителите на енергија кои опфаќаат посета на сите општини, едукација за потребата од енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, како и дистрибуција на детален прашалник за потребите на базта на податоци.

Во период од септември до почетокот на ноември 2007 година, посетени се 77 општини. Деталниот прашалник од страна на овластени лица по сите општини ќе се достави на обработка до агенцијата до крајот на месец Март 2008 година.

Во рамките на овие посети Агенцијата настрапуваше заедно со Македонската Банка за поддршка на развојот, како партнер во спроведување на ГЕФ проектот во делот на гарантирање и финансирање на проекти од областа на енергетиката.

**Активност 2**. *Организирање на работилница за промоција на мерките за зголемување на енергетската ефикасност и користењето на обновливите извори на енергија.*

**Статус:** Агенцијата на 5 Декември 2007 година во МАНУ ја организираше работилница на тема „Енергетика во локалната самоуправа", на која меѓу другите беа присутни градоначалници и одговорни лица за пополнување на прашалникот за прибирање на податоци од областа на енергетиката.

**Активност 3**. *Учествување на меѓународни семинари, конференции, саеми и работни средби во земјата со агенции за енергетика во земјите од регионот*

**Статус:** Веднаш по своето екипирање во Март 2007 година Агенцијата превзеде чекори за активно учество на регионални конференции и семинари:

Во Софија од 25-26.04.2007 година земавме учество на Меѓународниот саем за енергетика.
Во Женева од 28.05 до 01.06.2007 година активно учествувавме во припремата на проектот за финасирање на енергетска ефикасност со цел ублажување на климатските промени.
Во Атина 26-28-Јуни 2007 годинаучество на форумот" Намалување на сиромаштијата преку инвестиции во енергетиката" организирано од Светска Банка.

Во месец декември 2007 година беа реализирани посети на Агенцијата за енергетска ефикасност на Република Србија, Агенцијата за енергетска ефикасност и Фондот за енергетска ефикасност на Република Бугарија, кои резултираа со потпишување на меморандуми за соработка.

Агенцијата остваруваше редовни контакти со институциите и донаторите од енергетскиот сектор во земјата и комерцијалните банки при што ги издвојуваме следните:

- Средба со претставници на Австриската агенција за енергетика и Австриската агенција за развој од што произлезе и конкретен предлог проект, кој ќе се реализира заедно со Министерството за економија,
- Средба со представници од ЕУ за прашања од сверата на Европската повелба за енергетика,
- Средба со представници од ГТЗ и ЕБРД,
- Приватни инвеститори (Терна Грција, австралиски, австриски, унгарски, француски( РТЕ) и германски потенцијални инвеститори со кои се контактираше по препорака и во координација со министрите за странски инвестиции,
- Работни средби со комерцијални банки (Охридска, Комерцијална, НЛБ Тутунска, НЛБ лизинг и МБПР)
- Учество на видео конференција организирана од Британскиот Совет во Скопје на тема „Енергетска ефикасност-стратегија и пракса" на ден 25.10.2007 година помеѓу претставници на три града Скопје, Приштина и Лондон.
- Презентација на активностите на агенцијата на средбата „ Недела на енергетика" на Машинскиот факултет во Скопје на 30.10.2007 година
- Работни средби со потенцијалните клиенти на локално ниво во рамките на саемот на општините организиран од страна на ЗЕЛС и УСАИД на ден 16-17 Ноември.

Средствата за вршење на дејноста на Агенцијата, односно за реализација на Програма за работа за 2007 година според член 16 од наведениот Закон се обезбедуваат од буџетот на Република Македонија и истите за 2007 година изнесуваат 4.168.000,00 денари. Во 2007 година реализацијата по категории на трошоци е како што следи:

***Во 000 Денари***

| | | Буџет 2007 | Вкупно потрошено на 31.12.2007 | Реализација Во % |
|---|---|---|---|---|
| 31 | Буџет на Агенцијат за енергетика за 2007 година | **4.168** | **3.628** | 87 |
| 40 | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | **1.606** | **1.996** | 124 |
| 401 | Основни плати | 1.126 | 1.384 | 123 |
| 402 | Придонеси за социјлно осигурување | 477 | 608 | 127 |
| 403 | Останати придонеси од плати | 3 | 4 | 133 |
| 42 | Стоки и услуги | **2.562** | **1.632** | 64 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 100 | 166 | 166 |
| 421 | Комунални услуги, греење,комуникација и транспорт | 200 | 236 | 118 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 20 | 20 | 100 |
| 424 | Поправки и тековно оддржување | 62 | 89 | 143 |
| 425 | Договорни услуги | 2.000 | 758 | 38 |
| 426 | Други тековни расходи | 180 | 363 | 201 |

**Претседател на Управен Одбор**
**м- р Добре Трајаноски**